Министерството за образование и наука во насока на реализирање на програмските определби на Владата на Република Македонија за подобрување на квалитетот на образованието и унапредување на информатичкото општество, доделува стипендии за студенти по информатика со цел да ги стимулира во постигнување на подобри резултати во студирањето.

Намерата на Владата на Република Македонија е на високообразовните институции да студираат мотивирани млади луѓе со цел да стекнат компатибилни знаења со светските достигнувања во областа на информатиката и да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Вкупните напори, Република Македонија да се престави како пожелна дестинација за инвестирање не може да се оствари без вложување во младите генерации.

Владата на Република Македонија тоа го знае и затоа вложува во иднината на Македонија.

# КОНКУРС

## за доделување стипендии на студенти запишани на студиски програми по информатика за студиската 2008/2009 година

Министерството за образование и наука за студиската 2008/2009 година ќе додели:

- 105 стипендии на талентирани студенти кои студираат на студиските програми по информатика на државните универзитети во Република Македонија;
- 20 стипендии на талентирани студенти кои студираат на студиските програми по информатика на приватните универзитети во Република Македонија.

## I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

1. Право на стипендија имаат кандидати кои се редовни студенти и студираат на студиските програми по информатика на државните и приватните универзитети во Република Македонија;
2. Да имаат постигнато просечен успех од II, III и IV година на студии најмалку 9 (девет) просечен успех;
3. Да не повторувале година во текот на студирањето;
4. Да не се корисници на стипендија или кредит од други институции или фирми;
5. Да се државјани на Република Македонија.

## II. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Студентите, кои се пријвуваат по конкурсот, треба да пополнат електронска пријава поставена на **интернет порталот** www.raspredelba.gov.mk почнувајќи од 10.09.2008 година до 30.09.2008 година.
Прелиминарните резултати од конкурсот ќе бидат објавени на 02.10.2008 година на **интернет порталот** www.raspredelba.gov.mk**.**

Приговор по објавените резултати се доставува до Министерството од 07.10.2008 – 09.10.2008 година.
Конечниот список ќе биде објавен на 13.10.2008 година на **интернет порталот** www.raspredelba.gov.mk.
Непополнетите места ќе се пополнуваат со студенти од листата на чекање, кои ги исполнуваат условите.

## III. МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Студентите, кои ги исполнуваат условите по конкурсот и се избрани на прелиминарниот список, потребно е до Министерството за образование и наука, ул. Пролет бр.1 – Скопје, од 07.10.2008 – 09.10.2008 година, да ги достават следните документи:

1. Потврда за редовно запишан зимски семестар за студиската 2008/2009 година, како и уверение со бројот на предвидените и положени испити од претходните години;
2. Фотокопија од лична карта;
3. Уверение за државјанство на Република Македонија;
4. Индекс на увид.

Документите на кандидатите кои се некомплетни, неблаговремено доставени, односно не ги запазиле конкурсните рокови и не се идентични со податоците кои се внесени во електронската пријава, нема да се рангираат.

## IV. ВИСИНА НА СТИПЕНДИЈАТА

Висината на стипендијата за студиската 2008/2009 година ќе изнесува 5.500,00 денари за девет месеци во текот на годината.

Стипендијата се доделува за толку семестри колку се предвидени со општиот акт на високообразованта установа, без апсолвентски стаж за студирање.

Корисниците на стипендија од претходната година , согласно потпишаниот договор со министерството за образование и наука, потребната документација за продолжување на стипендијата да ја достават најдоцна до 30.10.2008 година.